Су-02 бр.7/21

Согласно член 88 од Законот за судовите и членовите 2 и 13 од Судскиот деловник, претседателот на Основен суд Кочани Сузана Милевска на 10.02.2021 година го донесе и изготви следниот:

# АКЦИОНЕН ПЛАН

## ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАОСТАТОК НА НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ ЗА 2021 ГОДИНА

### I.СОСТОЈБА СО ЗАОСТАТОК - НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАОСТАТОКОТ

Врз основа на добиените податоци од АКМИС системот во Основен суд Кочани заклучно со 31.12.2020 година се утврдува дека Основниот суд Кочани 2020 година ја завршил со остаток од вкупно 2 432 нерешени предмети.

На почетокот на 2020 година нерешени биле 2 146 предмети, новопримени во текот на годината биле 9 386 предмети, погрешно заведени 4 предмети, вкупно во работа биле 11 528 предмети, решени 9 096 предмети, по што заклучно со 31.12.2020 година останале нерешени 2 432 предмети, или споредено со состојбата од 2019 година приливот на нови предмети не бил совладан и заостатокот на нерешени предмети се зголемил за 286 предмети.

Ваквата состојба во судот се должи на повеќе објективни причини и состојби, пред се поради фактот што во последните 7 (седум) години во континуитет од овој суд секоја година се делегираат по еден или двајца судии во други судови, па така од 9 судии избрани во Основен суд Кочани фактички работата и постапуваат само 7 судии, но и поради општо познатата состојба со пандемијата од вирусот КОВИД 19, поради која состојба во определени периоди судот работеше во вонредни околности, се постапуваше само по итни предмети, дел од вработените отсуствуваа од работа подолго време поради користење на мерките на Владата на Р.С.Македонија за заштита од проширување на вирустот, дел поради тоа што беа позитивни на овој вирус, а дел поради добиени решенија за изолација.

Бидејќи се очекува дека и во текот на 2021 година судот ќе продолжи да работи со намален број на судии, односно и во текот на оваа година двајца судии се времено упатени судиската функција да ја извршуваат во други судови, а од Годишниот извештај се утврдува дека најголемиот заостаток на предмети е од областа на кривични полнолетни предмети и прекршоци, 233 предмети кривични полнолетни и 1 081 прекршочни, заради намалување на заостатокот во овие области ќе бидат превземани следните мерки и активности:

1.По добиената согласност од Седницата на судии одржана на 01.02.2020 год. ќе се донесе и изготви измена и дополнување на Годишниот распоред за работа на судиите во Основен суд Кочани за

2021 година на тој начин што судијата кој според овој распоред за работа постапува по прекршочни предмети ќе продолжи да постапува по прекршочните предметите кои веќе се во работа кај овој судија, а новопримените прекршочни предмети ќе се распределуваат автоматски помеѓу тројцата судии кои постапуваат по граѓански предмети, имајќи во предвид дека согласно податоците од Годишниот извештај за работа на Основен суд Кочани за 2020 година во граѓанската област приливот е совладан, нема поголем заостаток и во оваа област судот е ажурен, а според Годишниот план за работа за 2021 година се очекува дека со тројца судии во оваа област приливот во текот на оваа година исто така може да се совлада и заостатокот да се намали.

2.Заради намалување на заостатокот на предмети од областа кривично полнолетни Годишниот распоред за работа на судиите за 2021 година исто така ќе се измени и дополни на тој начин што новопримените кривични полнолетни предмети наместо на двајца ќе се распределуваат автоматски на тројца судии, односно по овие предмети покрај двајцата судии кои до сега по распоред постапуваат по кривично полнолетни предмети, по овие предмети ќе постапува и судијата кој постапува по прекршочни предмети.

3.Претседателот на судот редовно ќе ја следи состојбата со заостатокот на предмети, истата редовно ќе се разгледува на седниците на судиите и согласно утврдената состојба ќе се предлагаат мерки и усогласување на Годишниот распоред за работа.

## II. СОСТОЈБА СО СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ИСТИТЕ

Врз основа на добиените податоци од АКМИС системот во Основен суд Кочани заклучно со 31.01.2021 година се утврдува дека во Основен суд Кочани како стари нерешени предмети, постари од 3 години (сметано од првиот ден на приемот) се вкупно 129 од кои: кривично полнолетни 30, прекршоци 20, имотни спорови 3, вонпарнични 1, парнични мала вредност 1, оставински 47 и остатокот се извршување на кривични санкции.

Со цел намалување на заостатокот на овие предмети во текот на 2021 година ќе се превземат следниве мерки и активности:

1. Со донесувањето и изготвувањето на измената и дополнувањето на Годишниот распоред за работа на судиите во Основен суд Кочани за 2021 година на тој начин што новопримените кривични предмети ќе се распределуваат наместо на двајца на тројца судии, ќе се овозможи двајцата судии кај кои се појавува поголем заостаток на кривични полнолетни предмети да добиваат помал број на нови предмети а истите да посветат поголемо внимание и да дадат приоритет во решавањето на старите кривични предмети, додека со тоа што новопримените прекршочни предмети ќе бидат распределувани помеѓу тројцата судии кои постапуваат во граѓанска материја, судијата кој постапува по прекршочни предмети ќе посвети поголемо внимание и ќе ги решава заостанатите стари прекршочни предмети кои се во работа кај истиот а се постари од 2-3 години.

2. Претседателот на судот ќе ја следи работата и состојбата со

стари нерешени предмети во судот преку АКМИС програмата и преку работното тело во судот, заедно со претседателите на одделите и судиите ќе се предлагаат соодветни мерки и активности за решавање на овие предмети, ќе се следи исполнувањето на планот за решавање на старите нерешени предмети или евентуално негова измена и дополнување. Редовно месечно ќе се разгледува состојбата со стари предмети на седница на судиите, а по потреба ќе се врши и непосреден увид во списите на предметите со цел изнаоѓање решение за надминување на пречките за завршување на постапките во старите нерешени предмети.

3. Судиите на секои три месеци ќе доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети со план за мерките и дејствијата што треба да се превземат и проекција за рокот во кој предметот треба да се реши, истите согласно Судскиот деловник ќе дадат приоритет во решавањето на овие предмети и ќе ги закажуваат рочиштата во пократки временски интервали.

Доколку при решавањето на овие предмети се појават или веќе постојат пречки поради непостапување на некој државен орган, институција или други субјективни и објективни пречки, судиите за тоа ќе го известат претседателот на судот заради заедничко упатување на ургенции, барања и слично, а особено ако се појават такви проблеми околоу доставата што ја врши судската служба или непостапување на вешти лица.

Доколку се јави потреба, а заради надминување на некои пречки, правни дилеми, недостатоци на обвинението и слично, претседателот на судот ќе организира заеднички состаноци со надлежното обвинителство, претставници на МВР, Адвокатската комора, ќе иницира средби со вешти лица, нотари, извршители и сл., или консултации со судии од второстепениот надлежен суд.

4. Претседателот на судот ќе врши редовна контрола на работата на нотарите, како повереници на овој суд, во постапувањето со оставинските предмети доверени во работа од страна на судот, со тоа што ќе се бара на секои три месеци истите да доставуваат извештаи за постапување по старите предмети, причините поради кои истите не се решени и план за нивно решавање, а по потреба ќе се одржуваат и седници и средби со истите на кои ќе се разгледуваат старите оставински предмети и ќе се предлагаат мерки за нивно решавање.

Со вака предвидените мерки и активности може реално да се очекува дека во текот на 2021 година во Основен суд Кочани ќе се намали бројот на стари нерешени предмети и ќе се намали вкупниот заостаток на предметите, под услов да нема непредвидено зголемен прилив на нови предмети, и со исклучок на предметите кои не можат да се решат од објективни причини, а тоа ќе придонесе за ажурност во работењето на овој суд, намалување на поплаките и претставките од граѓаните на работата на судиите, и намалување на трошоците за исплата на ангажирани бранители по службена должност и исплата на надоместоци поради судење во неразумен рок.

**Претседател на ОС Кочани**
**М-р Сузана Милевска**